**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Уп. Број 07-3438
од 31. 05. 2016 година Скопје

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за безбедност и здравје при работа (Сл. весник на РМ бр.92/07), Министерот за труд и социјална политика донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

На **ДУ Институт за техничко испитување и безбедносен инженеринг ДООЕЛ Скопје**, со ЕМБС 7109288 и ЕДБ 4080016557690 со адреса на седиште и адреса на работни простории каде се врши дејноста на ул. Тодор Александров бр. 165 Скопје, **му се дозволува** да врши стручни работа за:

**- Проценка на ризик,**
**- Концепт на изјава за безбедност,**
**- Изработка и спроведување на програми за обука на вработени за безбедно извршување на работата**
**- Редовно тестирање и контрола на опрема за работа и**
**- Периодични мерења на физички штетности( топлина, бучава и осветленост) и микроклиматските услови во работна средина.**

## О б р а з л о ж е н и е

ДУ Институт за техничко испитување и безбедносен инженеринг ДООЕЛ Скопје, поднесе барање за издавање овластување за вршење стручни работи од областа на безбедност при работа, до Министерот надлежен за работите од областа на трудот , бр. 07- 3438 од 10.05.2016г., за утврдување на условите во однос на вработените,организацијата, техничките и работните простории за добивање на дозвола- овластување за вршење на стручни работи за безбедност при работа.
Во прилог доставеното барање е соодветна документација и адреса на работните простории каде се врши дејноста: ул. Тодор Александров бр. 165 Скопје и приложени докази согласно членовите 3, 4, 5, 6, 7 и 11 од Правилникот за условите за вработените , организација , техничките и други услови кои треба да ги исполни правното лице или физичко лице за вршење на стручни работи („ Сл. Весник на РМ„ бр. 37/08).
Од извршениот увид во документацијата, работните простории, Комисијата за утврдување на условите кај правното лице за издавање на овластување за вршење на стручни работи: проценка на ризик, концепт на изјава за безбедност, изработка и спроведување на програми за обука на вработени за безбедно извршување на работата, редовно тестирање и контрола на опрема за работа и периодични мерења на физички штетности ( топлина, бучава и осветленост) и микроклиматските услови во работна средина, утврди дека правното лице ДУ Институт за техничко испитување и безбедносен инженеринг ДООЕЛ Скопје, ги исполнува неопходните услови за добивање дозволи – овластувања за наведените стручни работи согласно Правилникот за условите за вработените, организацијата, техничките и други услови кои треба да ги исполни правното или физичко лице за вршење на стручни работи за безбедност при работа („Сл. Весник на РМ „бр.37/08).

Од гореспоменатите причини, Министерот за труд и социјална политика одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство:** Против решението, странката може да поднесе тужба до Управниот суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Изготвил : Слаѓана Андоновска
Контролирал: Слаѓана Андоновска
Одобрил : Аљајдин Хавзиу

М.П.

**МИНИСТЕР,**
**Диме Спасов**